# ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-1258/3
21.07.2021 год.
ОБЛЕШЕВО

**До**
**Државна Комисија за спречување на корупција**
**- Скопје**
**(за Виш соработник за стратешко планирање**
**Сашко Колев е-маил:sashko@dksk.org.mk)**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar: 26-07-2021

| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| 03-1443/64 | | | |

**ПРЕДМЕТ: Достава на потпишана политика за интегритет и номинација на административно лице за обуки**

Во врска со Ваш допис бр.03-1443/1 од 05.04.2021 година Во прилог на овој допис Ви ја доставуваме потпишана Политиката за интегритет и воедно Ве известуваме дека Љијанка Андонова вработена во општина Чешиново-Облешево на работно место Советник за управување и координирање со човечки ресурси е номинирано лице кое ќе ги следи обуките кои ќе бидат спроведени од страна на ДКСК со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје а во врска со спроведување на политика на интегритет.

Контакт: тел:078/319-299 е-маил: lijanka.andonova@cesinovo-oblesevo.gov.mk
ПРИЛОГ: 1.Политика за интегритет
2.Решение за номинација

Со почит,

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Горанчо Крстев

Република Северна Македонија – Градоначалник – Општина Чешиново-Облешево

Изработил:

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 09-1262/1
27-07-2021 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 50, став 1, точка 14 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за номинација на лице задолжено**
**за спроведување на политиката на интегритет**
**во општина Чешиново-Облешево**

Член 1

1. Љијанка Андонова вработена во општина Чешиново-Облешево на работно место Советник за управување и координирање со човечки ресурси се номинира за лице кое ќе биде задолжено за спроведување на политиката за интегритет во општина Чешиново-Облешево
2. Административниот службеник од член 1, точка 1 на ова Решение ќе ги следи обуките кои ќе бидат спроведни од страна на Државанта Комисија за Спречување на Корупција со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и по спроведената обука ќе биде задолжена да соработува со ДКСК и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

3.Решението влегува во сила со денот на неговото донесување

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Горанчо Крстев

Доставено до: 1. Именуваниот
2. Државна Комисија за спречување на Корупција
3. Архива

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-1263/1
21.07.2021 год.
ОБЛЕШЕВО

ΔКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Поаѓајќи од заложбите за владеење на правото, обезбедување на одржлив економски и општествен развој, поттикнување на јавната доверба во локалните власти, целосно и непречено остварување на правата и слободите на граѓаните како и поттикнување на нивното учество во носењето одлуки на локално ниво, единицата на локалната самоуправа ја усвојува следната:

**ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ**

## I Цел и опфат на Политиката на интегритет

Целта на оваа политика е да промовира интегритет на политичко и на административно ниво, како основа за поттикнување на етичко однесување, отпорност кон корупција, создавање на услови за општествен развој, учество на граѓаните во одлучувањето за локалните потреби и интереси и поголема доверба на граѓаните во ЕЛС.

Политиката на интегритет ги опфаќа органите на Единицата на локалната самоуправа (членките и членовите на Советот и Градоначалникот/Градоначалничката) и сите вработени во општинската администрација.

Во Единицата на локалната самоуправа не се толерира коруптивно однесување!

Корупцијата претставува сериозна закана за владеењето на правото, демократијата, човековите права и слободи, еднаквоста и социјалната правда, која го поткопува развојот и ја загрозува стабилноста на демократските институции, како и моралните основи на општеството.

Во Единицата на локалната самоуправа не се толерира која било друга форма на неетичко, казниво или друго незаконито однесување.

Единицата на локалната самоуправа се стреми кон развој на силна организациска структура и кохерентен систем за управување со интегритет.

Притоа, под поимот „интегритет" се подразбира законито, професионално, независно, непристрасно, етичко, одговорно, транспарентно и отчетно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на единицата на локалната